РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE, DEMOGRAFISË DHE RINISË - SHKUP
Бр. / Nr. 02-732/1
24-01-2025 20 год. / viti

ЗИМ СКОПЈЕ АД
Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии СКОПЈЕ АД
Бр. 03-68
24.01. 2025 год.
СКОПЈЕ

**Договор за изменување и дополнување на основен договор за услуги за вршење на стручен надзор над изградба на објект детска градинка во Општина Делчево со арх. бр. 02-781/1 од 18.01.2023 година и арх. бр. 03-60 од 23.01.2023 година**

1. **Министерство за социјална политика, демографија и млади** со седиште на ул. Даме Груев, бр.14 Скопје, претставувано од Министер Фатмир Лимани, во понатамошниот текст, „Договорен орган“ од една страна, и
2. **Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии СКОПЈЕ АД Скопје,** Скопје, ЕМБС 4067258 со седиште на ул. Живко Чинго бр.16, 1000 Скопје, претставуван од управителот Борис Танески (во понатамошен текст Носител на набавката) од друга страна.

**Член 1**

Договорните страни го склучуваат овој Договор за изменување и дополнување на основниот договор врз основа на член 6 од договорот за услуги за вршење на стручен надзор над изградба на објект детска градинка во Општина Делчево со арх. број 02-781/1 од 18.01.2023 година заверен кај Договорниот орган и арх. број 03-60 од 23.01.2023 година заверен кај Носителот на набавката и член 119 став 1 точка 3 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Македонија 24/19 и Службен весник на Република Северна Македонија 87/2021).

**Член 2**

Предмет на овој Договор за изменување и дополнување на основниот договор е изменување на одредбите на договорот за услуги за вршење на стручен надзор над изградба на објект детска градинка во Општина Делчево за времетраењето на договорот.

**Член 3**

Од причини што на 23.01.2025 година истекува важноста на договорот од 24 месеци сметано од денот на склучување на договорот, овој Договор за изменување и дополнување на основниот договор за услуги за вршење на стручен надзор над изградба на објект детска градинка во Општина Делчево со арх. број 02-781/1 од 18.01.2023 година заверен кај Договорниот орган и арх. број 03-60 од 23.01.2023 година заверен кај Носителот на набавката, се склучува во времетраењето на основниот договор по претходно доставено барање од лицето одговорно за следење на реализацијата на договорот со арх. број 10-408/5 од 16.01.2025 година и по претходно доставено барање од Надзорниот орган со арх. број 03-33 од 14.01.2025 година заверено кај Носителот на набавка и арх. број 10 –408/4 од 14.01.2025 година заверено кај МСПДМ; за продолжување на рокот на договорот.

**Член 4**

Времетраењето на овој Договор за изменување и дополнување на основниот договор за услуги за вршење на стручен надзор над изградба на објект детска градинка во Општина Делчево се продолжува од причини што поради повторување на постапката за

градежни работи за избор на Изведувач, воведот во работа на Изведувачот а со тоа и градежните активности започнале 8 месеци подоцна од потпишувањето на договорот со надзорниот орган односно на ден 29.09.2023 година.

Согласно горенаведеното и поради известувањето на Надзорниот орган дека реализацијата на Изведувачот се одвива со задоцнета динамика и не се комплетирани договорните обврски за комплетна изведба на објектот, се продолжува важноста на Договорот за вршење на стручен надзор над објект Детска градинка во Општина Делчево, за дополнителни 8 месеци, заклучно со 29.09.2025 година.

**Член 5**

Членот 5 од основниот договор се менува и гласи:
„Овој договор е со важност до 29.09.2025 година."

**Член 6**

Согласно член 9 од основниот Договор, поради продолжување на рокот на реализација на договорот, Носителот на набавката е должен соодветно да ја продолжи важноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.
Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност од дополнителни 60 дена од рокот предвиден за целосно реализирање на договорот.

**Член 7**

Останатите одредби од основниот Договор остануваат непроменети.

**Член 8**

Овој Договор за изменување и дополнување на основниот договор за услуги за вршење на стручен надзор над изградба на објект детска градинка во Општина Делчево со арх. број 02-781/1 од 18.01.2023 година заверен кај Договорниот орган и арх. број 03-60 од 23.01.2023 година заверен кај Носителот на набавката; влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 9**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои 2 (два) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

| | |
|---|---|
| Министер, | Управител, |
| Fatmir Limani | Борис Танески |

Изработил: Теодора Васиќ Петровска, Советник
Согласен: Љубица Панова, Раководител на сектор
Одобрил: Fatmir Sabriu, Државен секретар